МКС EN ISO 9001:2015
ШИФРА: РИ 7.5.3 - 40

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 01-643/1
19 10 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РАБОТНА ИНСТРУКЦИЈА ЗА ПРИСТАП ВО СЕРВЕР СОБА

# МКС EN ISO 9001:2015

| Бр. | Датум | Опис | Изготвил | Контролирал | Согласен | Согласен | Одобрил |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 14.10.2020 | Оригинална верзија | Александар Угриноски, Висар Имери | Носител на процесот: КССОАР – **Катерина Веловска** | Член на Советот на експерти кој е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време – **Сулејман Ахмеди** | Член на Советот на експерти кој е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време – **Злате Симоновски** | Претседател на Совет на експерти **Крсте Шајноски** |
| **Потпис** | | | | | | | |

## 1. ЦЕЛ НА РАБОТНАТА ИНСТРУКЦИЈА

Оваа работна инструкција има за цел да пропише постапка за пристап во сервер собата во Агенцијата за супервизија на осигурувањето и евиденција за реализираните пристапи во истата.

## 2. КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

АСО – Агенција за супервизија на осигурувањето
ОПСС-1 – Образец за пристап во сервер соба

## 3. СТРУЧНА СЛУЖБА / ДИРЕКЦИЈА ВКЛУЧЕНИ ВО РАБОТНАТА ИНСТРУКЦИЈА

Во оваа работна инструкција се вклучени вработените лица во Дирекцијата за информатика.

## 4. ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ВО СЕРВЕР СОБАТА

Сервер собата во АСО е лоцирана во просториите на АСО, на ул. „Македонија“ број 25, Скопје на петти кат.
Пристапот во сервер собата може да се оствари само од лицата овластени за пристап во сервер собата, кои поседуваат клуч од сервер собата или електронска картичка.
Резервен клуч од сервер собата се наоѓа на местото определено за чување на резервни клучеви. Овој клуч може да се користи само од лица овластени за користење на резервни клучеви, во ситуации пропишани во соодветна посебна процедура.

## 5. ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ПРИСТАП ВО СЕРВЕР СОБАТА

Во функција на непречено извршување на своите надлежности, право на пристап во сервер собата имаат само вработените во Дирекцијата на информатика на АСО.
Доколку за остварување на надлежностите од делокругот на Дирекцијата за информатика или за потреби на тековно одржување на сервер собата се јави потреба од пристап во сервер собата на надворешни стручни лица, истите може да пристапат во сервер собата само во присуство на вработен од Дирекцијата за информатика.

## 6. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСТАП ВО СЕРВЕР СОБАТА

Евиденцијата за пристап во сервер собата се води во хартиена форма, со пополнување на образецот ОПСС 1, кој е составен дел на оваа процедура.

Образецот во хартиена форма се чува во сервер собата, при што во него се внесуваат податоци за секој пристап во сервер собата и тоа датум на пристап, време на пристап (од-до), име и презиме на лицето/лицата кои пристапиле, потпис на лицето/лицата кои пристапиле.

Доколку пристапиле надворешни лица во делот забелешка задолжително се наведува и називот на компанијата за која работат и причината за пристап во сервер собата.

МКС EN ISO 9001:2015
ШИФРА: РИ 7.5.3 - 40

# ОБРАЗЕЦ ОПСС 1

## ОБРАЗЕЦ

**За евиденција на пристап во сервер соба на АСО**

| РБ | Датум на пристап | Време на пристап (од-до) | Име и презиме на лице кое пристапило во сервер соба | Потпис на лицето | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |